Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19, 89/22 и 274/22) и член 23 од Статутот на ЈКП „Водовод“ н.Илинден, а во согласност со одредбите од член 1, член 2, член 6, член 8, член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги („Службен весник на РМ“ бр. 63/2017), член 5, член 6, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги („Службен весник на РМ“ бр. 7/2016) и Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Водовод“ н.Илинден за регулиран период 2024-2026 година УП1 бр. 08-334/23 од 14.12.2023 година на Регулаторната комисија за енергетика, Управниот Одбор на ЈКП „Водовод“ н.Илинден на одржаната седница на 28.12.2023 година ја донесе следната:

Јавно комунално претпријатие ВОДОВОД Бр. 02-248/10 28.12.2023 год. Илинден

# О Д Л У К А

**за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Водовод“ н.Илинден за регулиран период 2024-2026 година**

Член 1

Со предметнава одлука, а врз основа на Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Водовод н.Илинден за регулиран период 2024-2026 година УП1 бр. 08-334/23 од 14.12.2023 година на Регулаторната комисија за енергетика, се утврдува тарифата за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Водовод“ н.Илинден за регулиран период 2024- 2026 година на начин како следи:

| | ТАРИФИ | | |
|---|---|---|---|
| | 2024 година | 2025 година | 2026 година |
| Физички лица | 10,22 | 10,55 | 10,93 |
| Правни лица | 18,29 | 18,46 | 18,58 |

На овие тарифи ќе се пресметува + 5% ДДВ и + 1% надомест за собирање и одведување на отпадни води.

Член 2

Со донесувањето на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП „Водовод“ н.Илинден за регулиран период 2021-2023 година (арх.бр.02-191/8 од 20.10.2020 година) на Управниот одбор на ЈКП „Водовод" н.Илинден, со добиена согласност од страна на Советот на Општина Илинден со Одлуката за давање согласност на Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Водовод н.Илинден за регулиран период 2021-2023 година (арх.бр.07-133/4 од 29.01.2021 година).

Член 3

Оваа одлука ќе влезе во сила по добивањето на согласност од страна на Советот на Општина Илинден.

## *Образложение*

Врз основа на одредбите од член 19 од Законот за јавни претпријатија и член 23 од Статутот на ЈКП „Водовод“ н.Илинден, а во согласност со одредбите од член 1, член 2, член 6, член 8, член 11 и член 13 од Методологијата за определување на тарифите за водни услуги, член 5, член 6, член 11 и член 13 од Законот за утврдување на цени на водни услуги и Решението за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈКП Водовод н.Илинден за регулиран период 2024-2026 година УП1бр. 08-334/23 од 14.12.2023 година на Регулаторната комисија за енергетика, од страна на Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ н.Илинден се одлучи како во диспозитивот.

Управен Одбор
на ЈКП „Водовод“ н.Илинден
претседател
Мики Крстевски